МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 88, став (3) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КЛАСИРАЊЕТО НА ТРУПОВИТЕ И ПОЛОВИНКИТЕ ОД ГОВЕДА, СВИЊИ, ОВЦИ И КОЗИ ОДНОСНО ЈАГНИЊА И ЈАРИЊА КАКО И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ПОПОЛНУВАЊЕ (*)

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата за утврдување на детални правила за примена на Регулатива (ЕК) бр. 1234/2007 на Комисијата во однос на пазарните стандарди за месо од говеда, свињи, овци и кози, CELEX бр. 32008R1249.

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за известување за резултатите од класирањето на труповите и половинките од говеда, свињи, овци и кози односно јагниња и јариња, како и начинот на негово пополнување.

## Член 2

(1) Образецот за известување за резултатите од класирањето на труповите и половинките од говеда, свињи, овци и кози односно јагниња и јариња се издава во А4 формат на бела хартија и ги содржи следниве податоци:

- реден број;

- назив, седиште и ЕМБС на кланичниот капацитет (Бројот на одобрение на кланичниот капацитет);

- вид и раса на добитокот;

- идентификациски или кланичен број на животното;

- датумот на колење;

- ознака за категорија и класа на меснатост и масна обвивка;

- ознаки за поткласи на месначост и масна обвивка, доколку ги има;

- маса на трупот, наведувајќи дали се однесува на маса во топла или ладна состојба;

- презентирање на трупот применето во моментот на мерењето и класификацијата;

- доколку е соодветно, се наведува дека класификацијата е извршена користејќи системи за автоматизирана класификација и

- ознака за идентификациски број на класификаторот.

(2) Содржината на образецот од став 1 на овој член треба да е јасно читлива. На податоците не се дозволени било какви измени, освен кога истите се јасно обележани на образецот и извршени под надзор на официјален ветеринар.

(3) Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Образецот од член 1 на овој правилник се пополнува рачно и/или електронски.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 08-10178/4
23 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

ПРИЛОГ

**РЕДЕН БРОЈ _____,**

Назив, седиште и ЕМБС на кланичниот капацитет (Бројот на одобрение)

______________________________________________________________________

Други специфични податоци за субјектот.

______________________________________________________________________

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид и раса на добитокот; | | | | | | | |
| Идентификацискиот или кланичниот број на животното; | | | | | | | |
| Датумот на колење; | | | | | | | |
| Ознака за категорија и класа на меснатост и масна обвивка | | | | | | | |
| Ознаки за поткласи на меснатост и масна обвивка, доколку се достапни; | | | | | | | |
| Масата на трупот наведувајќи дали се однесува на маса во топла или ладна состојба; Презентирањето на трупот применето во моментот на мерењето и класификацијата; | | | | | | | |
| Доколку е соодветно, дека класификацијата е извршена користејќи системи за автоматизирана класификација; | | | | | | | |
| Ознака за идентификациски број на класификаторот. | | | | | | | |